Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА VI БРОЈ 35 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 НОЕМВРИ 2018 / ДЕКЕМВРИ 2018 Година

Во овој број

Страница 2

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ОСТВАРИ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ НОВИНАР И УРЕДНИК ВО СЛОБОДЕН ВЕСНИК ВО АВСТРАЛИЈА САША УЗУНОВ

ДАНЧО МАРКОВСКИ НОВ МАКЕДОНСКИ АМБАСАДОР ВО АЛБАНИЈА

ЛИДЕРОТ НА ММДЧП НИКОЛОВ ДО ХАН: ТИ СИ КРИСТАЛНО ЈАСЕН АНТИМАКЕДОНСКИ НАСТРОЕН РАСИСТ

Страница 3

НА ЦРВКВАТА СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ ВО СЕЛО ЕРБЕЛЕ, МАЌЕЛАРА СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ БИГОРСКИ МАНАСТИР И ДАРУВАШЕ ИКОНИ

Страница 4

МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН" ДОСТАПЕН ВО НАЦИОНАЛНИТЕ БИБЛИОТЕКИ НА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА

ФАТРИ ФЕТАХУ ПРЕСТАВНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ОГРАНОК ГОЛО БРДО ОСВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ХУМАНИТАРНА НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА "ЗДРУЖЕНИ СРЦА"-ПРИЛЕП

Страница 5

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БУЛЌИЗА ГИ ПОСЕТИ МАКЕДОНЕЦИТЕ ВО ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

ЈАВНА ТРИБИНА ЗА МАЛЦИНСТВАТА ОРГАНИЗИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО МАЛА ПРЕСПА

ИЗДАВАЧКАТА КУЌА „АРС ЛАМИНА – ПУБЛИКАЦИИ“ ДОНИРА НАД 860 МАКЕДОНСКИ УЧЕБНИЦИ И ДИДАКТИЧКИ ПОМАГАЛА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД МАЛА ПРЕСПА

Страница 6

МАКЕДОНЦИТЕ ВО СЕЛО ВРБНИК, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС ВО АЛБАНИЈА ЗАБОРАВЕНО ОД ИНСТИТУЦИТЕ

ШИШТЕЕЦ ВО ОБЛАСТА ГОРА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТ "100 ТУРИСТИЧКИ СЕЛА"

Страница 7

ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ ЗА ВЕСНИКОТ „ИЛИНДЕН“: Д-Р ОЛСИ ЈАЗЕЏИ, АЛБАНСКИ ИСТОРИЧАР, ПУБЛИЦИСТ И ПОЛИТИЧКИ АНАЛИТИЧАР

Страница 9

ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈАТА "ЕТНОГРАФИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ "НАШИНЦИ" ОД МАКЕДОНСКО – АЛБАНСКОТО ПОГРАНИЧЈЕ"

Страница 10

ЌЕ СЕ РЕСТАВРИРА ЦРКВАТА „СВЕТИ СПАС“ ВО СЕЛО КРЧИШТЕ

ПРОМОВИРАНА КНИГА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ „ГОЛО БРДО-АЛБАНИЈА“ НА РУСКИ ПРОФЕСОРИ ВО ПРИШТИНА

Страница 11

ПОЧЕСНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОМО "ИЛИНДЕН"-ПИРИН, СТОЈАН ГЕОРГИЕВ ОБЈАВИ КНИГА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

Почитувани Македонци и Македонки во Република Албанија, во името на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и во мое име, ви ги честитам Божиќните и Новогодишните празници.

Со почит претседател на Македонско друштво "Илинден"-Тирана г-дин Никола Ѓурѓај

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ОСТВАРИ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ НОВИНАР И УРЕДНИК ВО СЛОБОДЕН ВЕСНИК ВО АВСТРАЛИЈА САША УЗУНОВ

Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, главен и одговорен уредник на Македонски весник “Илинден” г-дин Никола Ѓурѓај на 27.10.2018 година во Скопје, Република Македонија, оствари средба со г-дин д-р Саша Узунов македонскиот новинар и независен режисер и фоторепортер во слободен весник во Австралија и активист на Македонците во Австралија. На средбата претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, го информира г-дин Саша Узунов за активностите на Друштвото и Македонски весник “Илинден”. На средбата се нагласи потребата за повеќе соработка меѓу Македонските малцинства на Балканот и Македонската дијаспора ширум светот. Г-дин Саша Узунов долги години е во контакт со Македонците во соседните држави, има многу репортажи и вести пишано за Македонците во соседните држави но се прават напори тие контакт во иднина да се зајакнат со почести средби.

ДАНЧО МАРКОВСКИ НОВ МАКЕДОНСКИ АМБАСАДОР ВО АЛБАНИЈА

Данчо Марковски е новоименуваниот веде амбасадор на Република Македонија во Тирана, Република Албанија -иформацијата за Македонски весник “Илинден” ја потврдуваат дипломатски извори од министерството за надворешни работи на Македонија.

ЛИДЕРОТ НА ММДЧП НИКОЛОВ ДО ХАН: ТИ СИ КРИСТАЛНО ЈАСЕН АНТИМАКЕДОНСКИ НАСТРОЕН РАСИСТ

Лидерот на Македонското меѓународно движење за човекови права Бил Николов со оштра порака до еврокомесарот за проширување Јоханес Хан.“Кој по ѓаволите си ти да кажуваш некому да го менува името на неговата етничка група и идентитет”, пишува Николов според кого еврокомесарот е “кристално јасен расист” и абтимакедонски настроен.Македонскиот активист од Канада кој во неколку наврати директно обвинуваше западни претставници бара од Хан да каже зошто не сака да се сретне со него и вели дека ја брани Македонија од такви како него.

НА ЦРВКВАТА СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ ВО СЕЛО ЕРБЕЛЕ, МАЌЕЛАРА СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ БИГОРСКИ МАНАСТИР И ДАРУВАШЕ ИКОНИ



Познатото македонско древно светилиште, Св. Јован Крстител Бигорски манастир и подари икони на црквата „Свето Преображение“ во селото Ербеле, Маќелара област Поле или Долни Дебар, кое се наоѓа во близина на албанско-македонската граница кај Дебар. Иконите Бигорската обител ги даруваше по средбата што игуменот на манастирот, Архимандрит Партениј ја оствари со Никола Ѓурѓај претседател на Македонското друштво „Илинден“со седиште во Тирана.Огромна благодарност искажуваме за Архимандрит Партениј, кој позитивно одговори на нашето барање и со негов благослов денеска 12 икони ја разубавуваат една од најстарите и најзачајни цркви во овој дел на Албанија, каде што некогаш живееле голем број Македонци. Кога ке ги поставивме иконите, црквата ке светнае во полн сјај и ми се чини како сите ангели да слетаа, тука, на ова свето место, за да се радуваат на таа убавина,-изјави Ѓурѓај за Македонски весник “Илинден”.

Во селото Ербеле, сега живеат само многу малку Македонци а за црквата „Свето Преображение“ сета грижа ја има превземено семејството на Андон Постоли. Патрон на црквата е Преображение Господово. Денот пред празникот и посебно на самиот празник, 19 август, вели Постоли, Македонците по потекло од ова село а кои денес живеаат во Тирана, Драч, Елбасан, Маќелара, Горно Крчиште, како и во Дебар и други градови во Македонија доаѓаат за го одбележат празникот.По традиција и верување,ноќта спроти празникот, во нашата црква доаѓаат не само православни туку и муслимани. Спијат во овој божји храм и се молат за излекување од разни болести, зашто црквата има исцелителна моќ. Многу луѓе тука го имаат најдено лекот за својата болест,вели Постоли. Додека сум жив,додава ќе се грижам за црквата,ќе палам кандило спроти петок,спроти недела,празник да не остане во мрак. Црквата „Свето Преображение“ датира од 12 век а во мај 1970 година министерството а култура на Албанија ја прогласи за споменик на културата.

МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН” ДОСТАПЕН ВО НАЦИОНАЛНИТЕ БИБЛИОТЕКИ НА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА

Првиот број на Македонскиот весник “Илинден” излезе на печат во март 2011 година во Тирана. Весникот се дистрибуира во областите во Албанија, населени со етнички Македонци: Голо Брдо, Гора, Мала Преспа и Врбник, како и во поголемите градови во кои живее македонско население како Тирана, Драч, Елбасан, Пограделц, Корча, Билишта, Кукс. Македонски весник „Илинден“-Тирана е глас за животот, културните и верските обичаи на македонското национално малцинство во Албанија. Македонски весник „Илинден“ има печатена верзија и е достапен на интернет преку порталот www.vesnik-ilinden.com . Сите бројеви на Македонски весник “Илинден” се достапни и во Национална библиотека на Албанија, Националната и универзитетска библиотека (НУБ) “Св. Климент Охридски” во Скопје и Библиотеката на Институтот за старословенска култура – Прилеп.

ФАТРИ ФЕТАХУ ПРЕСТАВНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”- ОГРАНОК ГОЛО БРДО ОСВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ХУМАНИТАРНА НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА “ЗДРУЖЕНИ СРЦА”-ПРИЛЕП

Претставникот на Македонско друштво ”Илинден”-Огранок Голо Брдо, Фатри Фетаху на 20.09.2018 година во Прилеп Република Македонија, оствари средба со Роберт Тодороски претседателот на хуманитарна невладина организација “Здружени Срца” со седиште во Прилеп. На работната средба Фатри Фетаху претставник на Македонско друштво ”Илинден”-Огранок Голо Брдо го информираше Роберт Тодороски за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија.Воедно беше информиран и за активностите на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, кое со години е активен субјект сред македоската заедница во Албанија. На средбата, многу отворено, се разговараше за можни активности кои би помогнал за надминување на проблемите на Македонците во Албанија на повеќе полиња. Со надеж дека Роберт Тодороски ќе помогне во подобрување на положбата на Македонците во Албанија Фатри Фетаху преставник на Македонско друштво ”Илинден”-Огранок Голо Брдо топло му се заблагодарува за срдечната средба.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БУЛЌИЗА ГИ ПОСЕТИ МАКЕДОНЕЦИТЕ ВО ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

Градоначалникот на општина Булѓиза ги посети Македонците во областа Голо Брдо, на 19 септември 2018 година започна новата 2018/2019 училишна година во селото Владимирица како за првачињата, така и за другите учиници во основното училиште во селото. Првиот училишен ден со учениците и жителите на село Владимерица, областа Голо Брдо, беше и градоначалникот на општина Булѓиза, господин Мелаим Дамзи. Во текот на неговиот престој во селото го посети основното школо во селото, а имаше и разговори и средби и со претставници од селото. Во оваа прилика градоначалникот беше придружуван од претставници на општина Големо Острени, како и од директорот за образование во општина Булѓиза.

ЈАВНА ТРИБИНА ЗА МАЛЦИСТВАТА ОРГАНИЗИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО МАЛА ПРЕСПА

На 11 септември 2018 година во општина Пустец, Мала Преспа се организира јавна трибина во рамките на општинската програма за европа со претставниците на Европската делегација во Албанија Орландо Бошко и генералниот директор на Агенцијата за поддршка на локалната самоуправа, Беким Мурати, присутен беше и заменикградоначалник на општина Пустец Аднон Јани. Тема на состанокот беше правата на малцинствата во рамките на правото за човекови права. 96/2017 "Заштита на националните малцинства во Република Албанија" и подзаконски акти во неговото спроведување и соживотот на малцинствата во Албанија. Беа разгледани проекти на ЕУ за агротуризмот, туризмот и земјоделството, како и перспективите на општината.

ИЗДАВАЧКАТА КУЌА „АРС ЛАМИНА – ПУБЛИКАЦИИ" ДОНИРА НАД 860 МАКЕДОНСКИ УЧЕБНИЦИ И ДИДАКТИЧКИ ПОМАГАЛА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД МАЛА ПРЕСПА

Издавачката куќа „Арс Ламина – публикации" донира учебници и едукативни материјали за децата од основните училишта во Општина Пустец, Мала Преспа, Албанија. Истите им беа распределени на учениците од прво до четврто одделение во двете ОУ „Отпорот на Горичени" во Долна Горица и „Трајан Ѓорѓиовски и Митре Колевски" во Пустец и нивните подрачни училишта. Со ова, учениците од Општина Пустец добија можност полесно да ги следат и да ги совладаат наставните единици на часовите по математика и по природни науки – предметите за кои е предвидено наставата да се одржува на македонски

јазик. Според законската регулатива во Албанија, образовниот процес во оваа област во Мала Преспа, каде што живее признато македонско малцинство, 60 посто од наставата треба да се одвива на македонски јазик,- изјави за Макеоднски весник "Илинден" Васил Стерјовски, член на Советот на општина Пустец. Според него донацијата се состои од 860 публикации, меѓу кои учебници и работни тетратки по математика и природни науки, едукативни помагала за во училница, географски карти и постери, во вкупна вредност од 341.160денари. Бранка Бугариска, директорка за издаваштво на „Арс Ламина" се надева дека со оваа донација ќе биде надминат проблемот со кој се соочуваа училиштата во Општина Пустец, кои имаа недостиг од учебници по математика и по природни науки на македонски наставен јазик. Едукацијата, посетата на наставата и пристапот до соодветни образовни помагала и книги е универзално право на сите деца. Учебниците се неопходни како основни наставни средства и извор на знаење за остварување на воспитно-образовните цели. Тие помагаат во описменувањето и во оспособување на младите за во иднина. Затоа е важно децата да учат на јазик што го разбираат. Мило ни е што новата учебна 2018/2019 година учениците од училиштата во Мала Преспа ќе ги следат овие предмети од нови учебници – вели Бугариска. Додава дека на почетокот на новата учебна година издавачката куќа „Арс Ламина – публикации" презема активности со кои ќе ги направи подостапни училишните материјали до најранливите социјални групи, донирајќи книги, учебници и дидактички помагала.

МАКЕДОНЦИТЕ ВО СЕЛО ВРБНИК, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС ВО АЛБАНИЈА ЗАБОРАВЕНО ОД ИНСТИТУЦИТЕ

Патната инфраструктура што ги поврзува селата со општина Девол е во лоша состојба, 5 километри од градот Билишта се ноаѓа село Врбник, Егејска Македонија се наоѓа во планински предел на најисточната точка на Албанија, непосредно до границата со Грција. Жителите велат дека веќе 30 години не е инвестирано во оваа област.Недостаток на главниот пат што го поврзува село Врбник со градот Билишт, немање канализациона мрежа во селото, главниот проблем што ги мачат Македонците во село Врбник е немање вода за пиење тоа доведе до напуштање на селото. Село Врбник секогаш беше познато по познати личности во различни области. Денешниот живот се враќа како во средниот век. Животот е предизвик за 100 останати жители на селото. Тие апелираат за внимание. Инаку, тие ќе бојкотираат локални или локални избори.

ШИШТЕЕЦ ВО ОБЛАСТА ГОРА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТ "100 ТУРИСТИЧКИ СЕЛА"

Селото Шиштеец во областа Гора е дел од владиниот проект "100 туристички села". Многу важен трансформацијата која ќе ги привлече се повеќе и повеќе туристи. Рама ги повика Македонците во Мала Преспа да инвестират и да станат дел од проектот, отворајќи куќи за сместување на туристи." Средбата во селото Шиштеец во областа Гора прекрасен област, која штотуку започна процес на трансформација на ова прекрасна област, кој денес служи само како прв значаен знак на она што сакаме да се направи, нашите амбиција се не само урбанизација планирање или инфраструктурни интервенции ", рече

Рама.Постојниот аеродром во градот Кукс ќе биде целосно трансформиран во аеродром на меѓународни стандарди за ефтини летови. Студијата ја направи странски експерти сите анализи направени според професионални методи за прогнозирање за успехот на бизнис покажуваат дека аеродромот Кукс ќе се движи во просек од 300 000 патници годишно ќе се развие цела област.

ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ ЗА ВЕСНИКОТ „ИЛИНДЕН“: Д-Р ОЛСИ ЈАЗЕЏИ, АЛБАНСКИ ИСТОРИЧАР, ПУБЛИЦИСТ И ПОЛИТИЧКИ АНАЛИТИЧАР

Македонски весник „Илинден“: Како гледате на перспективите за односите помеѓу Република Албанија и Република Македонија?

Д-р Олси Јазеџи: Мислам дека односите меѓу Албанија и Македонија се развиваат многу добро. Албанија и Македонија имаат многу заеднички работи. Тие се Балкански земји кои делат Отоманско и Византиско минато. Многу национал - гилиндас од Албанија потекнуваат од Македонија. Многу државници кои придонесоа за создавањето на Албанија во 20-тиот век беа Македонци. Во сегашната Влада на Еди Рама имаме министри кои потекнуваат од Македонија, иако тие не го признаваат тоа јавно. Македонците во Албанија, од поранешниот Муфтија на Албанија, Селим Муча, до Министерот за Дијаспора, Пандели Мајко, од секогаш биле многу влијателни во Албанија. Имаме многу универзитетски ректори, уметници, новинари, државни службеници, итн., кои потекнуваат од етнички македонски семејства. Јас лично имам многу пријатели Голоборди - Македонци муслимани, кои се свесни за нивното етничко потекло. Албанија и Македонија имаат многу заеднички нешта. Имаме заеднички етнички групи и сме две земји со големи заедници на Православни Христијани и Муслимани. Имаме заеднички езера, и нашите клими, култури и истории се многу слични. Ние сме како еден народ кој произлегол од заедничко отоманско-комунистичко минато. Постоењето на Албанци во Македонија значи дека Албанците како народ се многу поврзани со Македонија. Многу Албанци одат на одмор во Охрид и Струга и ги посетуваат Скопје и Тетово, и обратно: многу Македонци во лето одмараат на албанските плажи. Патот на Албанија и Македонија кон Европската унија ги трансформира Албанија и Македонија во две прекрасни провинции на Европа. Ако процесот на европска интеграција продолжи според планот, еден ден Македонија и Албанија ќе станат два европски „вилаети“ на Големата Европска империја, како што беа отомански вилаети пред 120 години. Ќе немаме граници и ќе станеме како една земја.

Македонски весник „Илинден“: Какво е вашето мислење за претстојниот референдум во Република Македонија

Д-р Олси Јазеџи:Референдумот што го спроведува Македонија за промена на името е срамен референдум оркестриран од страна на американската администрација, која очајно посакува да ја внесе Македонија во НАТО. Процесот со кој се наштетува на македонскиот национален идентитет започна во Македонија со американското мешање во нејзините внатрешни работи. Администрацијата на Обама и Клинтон, која се подготвуваше за војна со Русија, го нападна Груевски како можен русофил и го донесе Заев на власт. Владата на Еди Рама, која му служеше на шефот на ЦИА, Џон Бренан, одигра нелегална улога со притисокот кон албанските политички партии во 2016 да се приклучат кон интересите на американскиот империјализам и влијание и да се замешаат во внатрешните работи на Македонија со цел да ја донесат американската

марионета - Заев - на власт. Референдумот на 30-ти септември е продолжение на американскиот проект со кој тие сакаат целосно да ја контролираат Македонија, како што ја контролираат Албанија од 2014 година. Референдумот од 30-ти септември има за цел да ја омаловажи и навреди Македонија во големата војна на Америка со Русија. Референдумот има за цел:

1. Да го смени името на Македонија,
2. Да ја потчини Македонија кон желбите на грчкиот шовинистички национализам,
3. Да ја внесе Македонија во НАТО,
4. Да ги употреби идните ресурси и луѓе од Македонија во војните што НАТО планира да ги води против Русија и исламскиот свет.

Референдумот од 30-ти септември има за цел целосно да ја потчини големата историја на Македонија, и истиот не ги третира Македонците како нација. Во мојата претходна видео-објава ги повикав Албанците и Македонците во Македонија да го отфрлат овој срамен референдум, да го изразат своето демократско право и да ги одбранат името и историјата на својата земја, како и да кажат „не“ на војните и плановите на НАТО. Со тоа што ќе го отфрлат референдумот за приклучување на НАТО, Македонците ќе го зачуваат својот европски идентитет и ќе се спротистават на меѓународна организација која сака само конфликти и војна.

Македонски весник „Илинден“: Какви се односите на Албанија со Грција и Турција?

Д-р Олси Јазеџи:Односите на Албанија со Грција и Турција се многу комплексни. Владата на Еди Рама, во која доминираат христијаните, е главно исламофобна кон Турција и Исламот. Владата на Рама има затворено и прогонувано многу албански муслимани во последните неколку години, некогаш од многу забавни причини. Турција не е многу задоволна од нештата во Албанија и затоа има испратено многу поплаки во однос на поддршката на Албанија за антитурски групи сместени таму. Албанија нема одговорено на турските барања. Но во економски поглед, Албанија има добри односи со Турција. Премиерот Еди Рама и неговите министри имаат одлични односи со турски бизниси. Отворањето на Ер Албанија од страна на Туркиш Ерлајнс е еден таков пример. Сепак, во училиштата и на универзитетите во Албанија, училишните програми го напаѓаат отоманското минато на Албанија и велат дека Турците не ја говореле вистината и не биле цивилизирани. Феноменот кој стои во основа на албанскиот национализам може да се види дури и во Македонија и на Косово. Односите на Албанија со Грција се исто така комплексни. Премиерот Еди Рама, кој се опишува себеси како одново роден католик, во последниве години го напаѓа грчкото малцинство во Албанија, и дури ја сруши црквата „Св. Атанасиј“ во Дерми. Подоцна, владата на Еди Рама се обиде да им удоволи на Грците, но грчкото малцинство не е многу задоволно од тоа што владата на Рама и нејзините бизнисмени им го сторија на нивните имоти на југот на земјата.

Македонски весник „Илинден“: Дали се реалистични најавите за корекција на границите меѓу Србија и Косово и дали од истите би имало последици за Балканот?

Д-р Олси Јазеџи:Прашањето за корекција на границите меѓу Косово и Србија е дел од барањата на американската администрација за Србија и Косово, со цел да се поправат границите и да се дојде до траен мир. Американците, откако ги внесоа Албанија и Црна Гора, и сега Македонија со Заев, во НАТО, сакаат да ги додадат и Косово и Србија. За да го сторат ова, прво треба да ги примораат Србија и Косово меѓусебно да се признаат, а за да го сторат тоа, тие сакаат да создадат етнички „чисти“ земји. Тие сакаат преостанатите Срби на Косово да преѓдат во Србија, а преостанатите Албанци од Србија да преѓдат на Косово. Постоењето на ривалски етнички групи на Косово и Србија ќе биде извор на тензии помеѓу двете земји во иднина. На Претседателите Вучиќ од Србија и Тачи од Косово им е наредено од страна на одредени западни политичари, и веројатно од страна на администрацијата на Трамп, да ги разрешат своите етнички прашања и прашања за границата и да се признаат едни со други за Русија да нема изговори за мешање во иднината на Балканот. Верувам дека порано или подоцна ќе се случи размена на територии помеѓу Србија и Косово и двете земји ќе се приклучат на НАТО, иако за Србија овој процес можеби ќе трае подолго. Последиците за Балканот од ова проширување на НАТО се што ние сите ќе бидеме колонии на НАТО, а Американците ќе доминираат со надворешната политика на нашите земји на истиот начин на кој Римската империја ги контролирала и доминирала со античка Македонија, Дакија, Илирија, итн. Ние ќе се бориме за НАТО, исто како што античките Македонци, Дакијци, Илиријци се бореле и биле поробени од страна на Рим. Историјата се повторува на Балканот, уште од падот на комунизмот.

Македонски весник „Илинден“: Како стои Република Албанија со почитувањето на правата на македонското национално малцинство во Република Албанија?

Д-р Олси Јазеџи:Во Албанија има многу Македонци. Некои се муслимани, а други се православни христијани. Во места како Гора, Преспа, Голо Брдо, Тирана, Корча, Пограделц, Либражд и Дибра има големи македонски заедници. Општо гледано, Македонците се добро интегрирани во албанското општество. По падот на комунизмот, Македонците добија многу права. Сепак, малку Македонци јавно го признаваат својот етнички идентитет во медиумите и во јавноста воопшто. Заради шовинистичкото и националистичко минато на Албанија, многумина се плашат да го изразат својот идентитет. Многу Македонци се асимилирани и го изгубиле идентитетот и денес се прикажуваат како поголеми Албанци од Албанците. Во Албанија недостига мултикултуралност и толеранција. На многу телевизии и весници често можат да се видат навреди против другите малцинства. Во албанските училишта, на албанските деца им се сервираат приказни дека сите жители на Албанија се Албанци. Им се кажува дека Скендербег и Мајка Тереза се Албанци, иако имаат роднини Македонци. Понекогаш дури и универзитетски професори-Македонци, кои се плашат да размислуваат поинаку, ги прифаќаат овие албански приказни. Приказните на албанскиот национализам се само дел од причините зошто Македонците и другите малцинства се плашат да го изразат своето етничко потекло во Албанија.

Македонски весник „Илинден“: Д-р Олси Јазечи, Ви благодариме за интервјуто во име на македонскиот весник „Илинден“ од Тирана. Ви благодариме за соработката и Ви посакуваме личен и професионален успех.

ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈАТА “ЕТНОГРАФИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ “НАШИНЦИ“ ОД МАКЕДОНСКО – АЛБАНСКОТО ПОГРАНИЧЈЕ“

Во матичната куќа на авторот, д-р Мери Сројанова, Завод и Музеј, беше промовирана монографијата “Етнографија и антропологија на Македонците “Нашинци“ од македонско – албанското пограничје“, или со други зборови како беше кажано на промоцијата, една поинаква слика за нашинците во Албанија. Оваа прва книга на Стојанова е резултат на теренските истражувања и кабинетската работата на нејзината докторска теза во која акцентот е ставен врз промената на традиционалната култура на Македонците – нашинци, во пределите Мала Преспа и Голо Брдо.При истражувањето авторката била фрапирана од архаичниот македонски јазик на нашинците во Голо Брдо. Тој македонски јазик е зачуван во една толку изворна форма, непроменета со генерации и она што децата како сопствен идентитет, јазичен, го носат за самите себе е што се запознаваат со албанскиот јазик кога ќе почнат на училиште. Значи дотогаш, во слободната комуникација, во рамките на семејството зборуваат на чисто изворен македонски јазик, изјави Стојанова.Промотори на книгата беа проф. д-р Љупчо Ристевски од Институтот за етнологија и антропологија и проф. д-р Мирјана Мирчевска. Ова дело и овие сознанија може да дадат една поинаква слика и перцепција за Македонците генерално и за останатите луѓе кога станува збор за македонското малцинство или за нашинците во пределот Мала Преспа и Голо Брдо каде се зачувани етнографските карактеристики.Македонски јазик е зачуван во изворна форма, непроменета со генерации и она што децата како сопствен идентитет, јазичен, го носат за самите себе е што се запознаваат со албанскиот јазик кога ќе почнат на училиште, во рамките на семејството зборуваат на чисто изворен македонски јазик, рече Стојанова на промоцијата. Книгата е во издание на Сојузот на борци од Битола и издавачката куќа “Аз-буки“ од Скопје. Промоцијата беше дел од “Бит Фест“.

ЌЕ СЕ РЕСТАВРИРА ЦРКВАТА „СВЕТИ СПАС“ ВО СЕЛО КРЧИШТЕ

Националниот совет за реставрација на Албанија ќе ја реставрира црквата „Свети Спас“ во пограничното село Крчиште, кое некогаш било населено исклучиво со Македонци. Усвоениот проект од страна на Регионалната управа за национална култура во Скадар предвидува реставрација на конструктивните елементи на црквата. Овој божји храм е изграден 1270 година и како споменик на културата под заштита на државата е од 1970 година. Ѕидовите се изградени од камен поврзани со варен малтер. На нив има ретко вредни фрески но истите се оштетени. Селото Криште припаѓа на околијата Пешкопеја,на албанско-македонската граница во близина на Дебар. Повеќето од жителите по падот на комунистичкиот режим се преселиле,главно во Македонија,а дел во други градови во Албанија. Сега таму живеат само неколку македонски семејства. Пред повеќе од десет години по иницијатива на Левко Радевски од Дебар а родум од Крчиште беше обновен покривот на црквата на кој беа поставени и нови греди, влезна врата и санирана оградата,по што истата од страна на отец Ристо од МПЦ-ОА,кој е по потекло од Крчишта, беше преосветена. Постарите жители по потекло од Крчишта а живеат во Дебар сеуште се погребуваат во гробиштата кај црквата со свештеник од дебарската парохија бидејќи во пограичните села нема свештеник. Некогашсите жители Македонци и нивните потомци,како и жители од Дебар, секоја година по повод празникот Спасовден се собираат во дворот на црквата и го одбележуваат денот.

ПРОМОВИРАНА КНИГА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ „ГОЛО БРДО-АЛБАНИЈА“ НА РУСКИ ПРОФЕСОРИ ВО ПРИШТИНА

Во рамките на Меѓународниот семинар за албански јазик, литература и култура, кој се одржува во Приштина во просториите на Филолошкиот факултет во Приштина се промовираа книгата „Голо Брдо-Албанија“ на група руски автори. На промоцијата зборуваа дел од авторите, универзитетските професори, Аленксандар Новик и Александра Дугушина. Книгата е посветена на Македоците од областа Голо Брдо а опфатени се многу аспекти од нивниот живот, јазик, култура, традиција. Посебен акцент е ставен на богатата и преубава народна носија на Македонците од Голо Брдо. Отстапен е простор на нивниот соживот со соселаните Албанци. Професорите од Унивезитетот во Санкт Петербург, кои биле дел од балканската експедиција,во периодот 2008/2010 година прибирале материјал од областа на лингвистиката, етнолингвистиката, етнографијата, историјата, фолклорот од населени места со различен етнички состав, со цел понатамошна нивна анализа. Она што посебно треба да се истакне е фактот што во книгата уважените професори ни во еден миг не споменуваат постоење на друг ентитет освен Македонците и Албанците, што е уште една огромна потврда дека во областа Голо Брдо не живеат Бугари, како што се обидуваат вештачки да го создадат професори и политичари од Бугарија. Инаку, од областа Голо Брдо, по поделбата на Македонија, во 1913 година, на албанска страна останале 22 села од нив 19 населени само од Македонци додека во три има и Албанци,додека на македонска страна останале четири села. Книгата „Голо Брдо-Албанија“ е отпечатена на руски и на албански јазик.

ПОЧЕСНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОМО “ИЛИНДЕН”-ПИРИН, СТОЈАН ГЕОРГИЕВ ОБЈАВИ КНИГА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА

Втора книга на почесниот претседател на Омо “Илинден”-Пирин, Стојан Георгиев, е македонски национален деец од Пиринскиот дел на Македонија, борец за националните права на Македонците во Пиринска Македонија кој помина 8 години по бугарските зандани. Со оваа книга се отвораат сознанија за Макединците во Пиринска Македонија и за партијата на Македонците во Бугарија Омо “Илинден”-Пирин. Стојан Георгиев е роден на 18 март 1938 година во градот Петрич, Пиринска Македонија. Уште како ученик на 18-годишна возраст доаѓа во судир со бугарската власт поради неговиот јавно искажан став за постоење на Македонците како посебен народ од Бугарите и членство во илегалната македонска организација Илинден. Покрај бројните полициски испитувања и малтретирања од секаков вид, има одлежано две затворски казни од по четири години. По паѓањето на комунизмот во Бугарија, избран е за прв претседател на Омо “Илинден”-Пирин наспроти сите закани и притисоци во Бугарија, учествува на разни меѓународни средби на кои го брани правото на Македонците во Пиринска Македонија да се стекнат со своите национални права.

СУДСКИ ПРЕВОДИ
PËRKTHIME GJYQËSORE
MK
Овластен судски преведувач
Македонски-Албански и
Албански-Македонски
Никола Ѓурѓај
AL
Përkthyes gjyqësor i autorizuar
Maqedonisht-Shqip dhe
Shqip-Makedonisht
Nikolla Gjurgjaj
+389 71946391
+355 692401778
e-mail: nikola.gjurgjaj@hotmail.com

Издавач: **Македонско друштво “Илинден” – Тирана**
Главен и одговорен уредник: **Никола Ѓурѓај**
Заменик на главен и одговорен уредник: **Незир Меча**
Лектура: **Естела Ѓурѓај**
Компјутерска обработка: **Тримакс - Тирана**
Печати: **ДСИ - Тирана**
Фотографии: **Архива на МКД “Илинден “- Тирана и редакцијата**

Редакција:
Ули Халилај, Ариана Шутку, Фидана Ќулханџиу, Ламбе Шатровски, Цветан Богдановски, Алдана Лоровска, Бесим Мемишај, Фатри Фетаху, Сара Џелили
Контакт:
00355692401778
Адреса: ул. „Михал Грамено“ 183 - Тирана, Албанија
e-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com
Весник Илинден - Сите права се загарантирани. За умножување, изнајмување и соопштување на јавноста во било која форма, вклучувајќи го и интернет, како и за преработка на дел или во целост на ова издание, потребно е писмено одобрение од издавачот.

ПРИЛЕП, МАКЕДОНИЈА